# Акциски план за Отворено судство 2021 – 2023 година

*- НАЦРТ-*

Скопје, мај 2021 година

## 1. Вовед

Република Северна Македонија е дел од Отвореното Владино Партнерство од 2011 година со досега успешно спроведени четири акциски планови за зголемување на транспарентноста и отвореноста на државните институциите. Преку пристапување на глобалната доброволна инцијатива за Отворено владино партнерство, Република Северна Македонија се обврза и ја потврди својата заложба континуирано да се подобрува и својата работа да ја темели на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои отворено комуницираат и соработуваат со граѓаните.

Во изминатата деценија, државата континуирано работи на подобрување на ефикасноста во работењето на државните институции, зголемување на транспарентноста и пристапот до информации, борбата против корупцијата и обезбедување квалитетни јавни услуги за граѓаните и бизнисите преку искористување на моќта на технологијата и иновациите.

Собранието на Република Северна Македонија се приклучи кон иницијативата Отвореното Владино Партнерство во 2018 година во рамките на Акцискиот план 2018 - 2020 година, додека почнувајќи од годинава, во петтиот Национален акциски план (2021-2023) се приклучува и судството со конкретни заложби и мерки за подобрување на транспарентноста и отвореноста на судовите и враќање на довербата на јавноста во судските институции.

### 1.1 Отворено судство

Првиот Акциски план за Отворено судството беше развиен во широки дискусии помеѓу претседатели на судовите, судии и претставници на судската служба од сите судови во РСМ, претставници од Судскиот совет на РСМ, Министерството за правда, Академијата за судии и јавни обвинители и претставници на граѓанското општество (мониторинг организации). Консултациите со мешан состав беа спроведени во периодот јануари – март 2020 година и вклучуваа директно учество на Националниот координатор за ОВП и останати експерти во областа со цел да го приближат концептот на Отворени податоци до самите институции и организации. Идеите и потребите на институциите и граѓанскиот сектор темелно дискутирани на тркалезните маси, беа трансформирани во форма на Првиот Акциски план за отворено судство.

Водечки институции за спроведување на Акцискиот план се Судскиот совет, Врховниот суд и Академијата за судии и јавни обвинители, додека планот предвидува активности во две примарни области:

- Пристап до информации и податоци и
- Перформанси.

Активностите е предвидено да се спроведуваат низ 6 заложби насочени кон: Подобрување на електронскиот судски портал на РСМ, Подобрување на односите со јавноста на судовите, Подобрување на квалитетот и достапноста на податоците и информациите за функционирање на Судскиот совет на РСМ, Зајакнување на надзорната улога на Судскиот совет на РСМ врз транспарентноста на судовите, Унифицирање на структура на извештаите на судовите и квалитетот на податоците и Подобрување на електронскиот систем за основна и континуирана обука на судиите. Со Акцискиот план е предвидено активностите да се реализираат во временскиот период 2021-2023 година за што ќе биде воспоставен и механизам на следење на напредокот на Акцискиот план за Отворено судство 2021-2023 година.

**ОБРАЗЕЦ ЗА ДОСТАВА НА ПРЕДЛОГ ЗАЛОЖБИ**
**-НАП 5, 2021-2023-**

| | |
|---|---|
| ***Пристап до информации и податоци*** | |
| ***Подобрување на електронскиот судски портал на РСМ (www.sud.mk)*** (1 октомври 2021 – 31 декември 2022) | |
| Кој јавен проблем се адресира со заложбата? | *Воведувањето на електронскиот Судски портал на РСМ (www.sud.mk) во 2017 година се очекуваше да придонесе за поголема транспарентност на судовите, но сѐ уште постојат големи разлики помеѓу квалитетот и обемот на податоците достапни за судовите. Информациите кои што се објавуваат на веб-страници за секој суд не се унифицирани, не се објавуваат и ажурираат редовно и не сите податоци се објавуваат во отворен формат. На пример извештаите на судовите и биографиите на судиите не се унифицирани, ниту сите може да се најдат на веб-страниците, а во некои случаи се и нејасни. Судовите не се проактивни во споделување на информации поврзани со имотната состојба на судиите, па кај биографиите на судиите не се достапни линкови до страната на ДКСК каде што се објавени имотните состојби за секој судија. Не сите судови имаат објавени податоци за информациите од јавен карактер што треба да се достапни (лице за информации од јавен карактер, меил /телефон), а нема ниту редовна пракса на објавување на податоци коишто некој веќе ги побарал со пристап до информации од јавен карактер. Судскиот портал не е прилагоден за користење од страна на корисниците со оштетување на видот.* |

| | |
|---|---|
| Главна цел на заложбата | • *Овозможување стандардизирани и унифицирани информации и податоци за судовите и судската пракса и зголемување на бројот на податоците во отворен формат поврзани со судството.*<br>• *Проширување на обемот на податоците достапни во отворен формат на порталот.*<br>• *Зголемување на обемот и подобрување на квалитетот на податоците и информациите кои се објавуваат.* |
| Како заложбата ќе придонесе за решавање на јавниот проблем? | *Зголемениот обем, подобрениот квалитет и редовното ажурирање на податоците кои се дел од судскиот портал доведува до воведување на нова практика во македонското судство која наложува транспарентна и отчетна но пред се видлива работа судовите за граѓаните на РСМ.* |
| Зошто оваа заложба е релевантна за вредностите на ОВП? | *Заложбата овозможува пристап до повеќе информации, го подобрува квалитетот на податоците и ја подобрува пристапноста до информации за јавноста што означува дека заложбата е важна за транспарентноста.* |
| Дополнителни информации | *Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“*<br>*Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.*<br>*Таргет 16.10 Да се обезбеди пристап до информации од јавен карактер и заштита на основните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори.*<br>*Оваа заложба ќе придонесе за подобрување на јавната одговорност на сите чинители во судство преку подобрување и зголемување на обемот и квалитетот на податоците на судскиот портал.* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **Бр.** | **Достигнување**<br><br>**(наведете активности кои ќе придонесат за остварување на заложбата)** | **индикатори**<br><br>(внесете мерливи индикатори/ одредници за следење и проверка на реализација на достигнувањата) | **Носител на активност**<br><br>**(владина институција, ГО или друго)** | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
| | 1.1.1 Дефинирање на каталогот на отворени податоци и стандардизиран квалитет и обем на информациите согласно претходната пракса на објавување на информации на судскиот портал, барањата за пристап до информации од јавен карактер и веќе достапни анализи за транспарентност и отвореност на судство | Намален број на пристигнати барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до судовите во РСМ | Врховен суд на РСМ, Центар за правни истражувања и анализи | 10.2021 | 03.2022 |
| | 1.1.2 Подготовка на индивидуални проценки за усогласеност со дефинираниот каталог на отворени податоци и стандардизиран квалитет и обем на информациите за секој суд | Намален број на пристигнати барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до судовите во РСМ | Врховен суд на РСМ, Центар за правни истражувања и анализи | 03.2022 | 05.2022 |
| | 1.1.3 Подобрување и прилагодување на содржината на судскиот портал за користење на лица со оштетен вид, со овозможување на аудио верзија на начелни правни | Воспоставена text-to-speech (текст-во-глас) алатка на веб страната на ВСРСМ | Врховен суд на РСМ, Центар за правни истражувања и анализи | 05.2022 | 12.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | мислења, правни мислења и сентенци на Врховен суд на РСМ. | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Нова заложба* |
| Водечка институција за спроведување | | *Врховен суд на РСМ* |
| Име на одговорно лице во агенцијата за спроведување | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Функција, Одделение | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Email | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Телефон | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Други вклучени субјекти | Владини министерства, одделение/агенција | *Сите судови во РСМ, Судски совет на РСМ* |
| | Граѓански организации, приватен сектор, мултилатерални и работни групи | *Здружение на судии, Здружение на судска администрација, Центар за правни истражувања и анализи, Инклузива* |

| | |
|---|---|
| ***Пристап до информации и податоци*** | |
| ***Подобрување на односите со јавноста на судовите***<br>(1 октомври 2021 - 31 март 2022) | |
| Кој јавен проблем  се адресира со заложбата? | *Во институционалната рамка и практикување на вистинската транспарентност и отвореност на судовите, се појавуваат бројни проблеми и предизвици. Судовите, немаат ресурси, ниту знаење да ги исполнуваат релевантните норми на Судскиот деловник за односи со јавноста. Судиите не се стремат редовно  да комуницираат со јавноста на директен начин преку прес-конференции, интервјуа, електронски медиуми и сл.* |
| Главна цел на заложбата | • *Подобрување на активната комуникација и транспарентност на судовите со јавноста*<br>• *Воспоставување на сеопфатна рамка според која судовите би комуницирале со јавноста и медиумите*<br>• *Изработка на Стратегија за отвореност на судството*<br>• *Развивање на соработката со Судско-медиумскиот совет* |
| Како заложбата  ќе придонесе за решавање на јавниот проблем? | *Преку реализација на заложбата се воспоставуваат долгорочни насоки за подобрување на транспарентноста и отвореноста на судството преку воспоставена методологија за комуникација со јавноста.* |
| Зошто оваа заложба е релевантна за вредностите на ОВП? | *Заложбата овозможува пристап до повеќе информации, го подобрува квалитетот на податоците и ја подобрува пристапноста до информации за јавноста што означува дека заложбата е важна за транспарентноста со која ќе се приближи* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *и работата на судовите до граѓаните преку навремено информирање* | | |
| Дополнителни информации | | | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“<br>Таргет 16.6: *Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.*<br>Таргет 16.10 *Да се обезбеди пристап до информации од јавен карактер и заштита на основните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори.*<br>Оваа заложба ќе придонесе за зголемување на отвореноста на судовите во Република Северна Македонија преку редовно споделување на информации со медиуми и јавноста. | | |
| **Бр.** | **Достигнување**<br>**(наведете активности кои ќе придонесат за остварување на заложбата)** | **индикатори**<br>(внесете мерливи индикатори/ одредници за следење и проверка на реализација на достигнувањата) | **Носител на активност**<br>**(владина институција, ГО или друго)** | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
| | 1.2.1 Подготовка на методологија и/или упатства според кои судовите би комуницирале со јавноста и начините на нејзино информирање со цел да опфаќаат бројни теми како што се изготвување на годишни извештаи, подготовка на годишни планови, како и формат во кој тие ќе бидат објавени. | Усвоена Методологија и останати прописи (Упатство, Правилник) за комуникација со јавноста на судовите во РСМ | Врховен суд на РСМ | 10.2021 | 03.2021 |
| | 1.2.2 Подготовка и донесување на нов сеопфатен Прирачник/Насоки/Правилник за односи на судството со медиумите. | Усвоена Методологија и останати прописи (Упатство, Правилник) за комуникација со | Врховен суд на РСМ | 10.2021 | 03.2021 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | јавноста на судовите во РСМ | | | |
| | 1.2.3 Изработка на Стратегија за отвореност на судството како 5-годишен документ придружен со Акциски план, така што ќе бидат систематизирани сите напори за зголемување на транспарентноста и целокупната отвореност на судството. | Усвоена Стратегија за отвореност на судството од страна на ССРСМ | Судски совет на РСМ | 01.2022 | 10.2022 |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Нова заложба* |
| Водечка институција за спроведување | | *Наведете ја институцијата која ја препознавате како потенцијално надлежна за спроведување на заложбата* |
| Име на одговорно лице во агенцијата за спроведување | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Функција, Одделение | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Email | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Телефон | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Други вклучени субјекти | Владини министерства, одделение/агенција | *Сите судови на РСМ,* |
| | Граѓански организации, приватен сектор, | *Здружение на судии, Судско-медиумски совет, Центар за правни истражувања и анализи* |

| | | |
|---|---|---|
| | мултилатерални и работни групи | |

| | |
|---|---|
| ***Пристап до информации и податоци*** | |
| ***Подобрување на квалитетот и достапноста на податоците и информациите за функционирање на Судскиот совет***<br>(1 септември 2021 – 31 декември 2022) | |
| Кој јавен проблем се адресира со заложбата? | *Судскиот совет на РСМ има двојна улога кога станува збор за транспарентноста на правосудниот систем. Од една страна тој има активна улога, односно треба да ја мониторира транспарентноста и отвореноста на судството. Од друга страна тој се јавува како пасивен субјект кој треба да исполни законски обврски со цел да постигне транспарентност.*<br>*Законот за Судскиот совет на РСМ предвидува обврски за Советот на својата веб-страница задолжително да објави податоци околу: изборот на неговите членови (член 14 и член 25), обработените квартални и годишни извештаи за работата на судството (член 36, ст. 1, точка 14), записници од своите седници (член 39), одлуките донесени во повторената постапка (член 72, ст. 5), своите годишни извештаи.*<br>*Според некои понови анализи, достапноста на Судскиот совет на РСМ се оценува слабо, односно се констатира дека Судскиот совет нема добри канали за комуникација со граѓаните и со медиумите. Не постои водич за покренување жалби и претставки од* |

| | |
|---|---|
| | *граѓаните преку веб порталот и не постои водич за медиумите.*<br>*Принципот на транспарентност е исто така на ниско ниво бидејќи освен добри оценки во поглед на достапните информации за организациската структура, се оценува дека не постојат политики за јавни набавки и не се објавуваат информациите поврзани со спроведените јавни набавки.*<br>*Судскиот совет е имател на информации согласно Законот за слободен пристап. Тоа значи дека тој е должен да ги исполнува обврските кои произлегуваат од тој Закон.* |
| Главна цел на заложбата | • *Зголемена достапност и квалитет на информациите со кои располага Судскиот совет, и олеснување на пристапот на граѓаните за поднесување претставки до Советот.*<br>• *Стандардизирање на квалитетот и обемот на податоците кои задолжително треба да ги објават судовите.*<br>• *Воспоставување на стандарди и начин на објавување на податоците на веб-страницата на Судскиот совет.*<br>• *Полесен пристап за покренување жалби и претставки од граѓаните преку веб-страницата на Судскиот совет на РСМ.*<br>• *Подобрување на функционалноста на веб-страницата на Судскиот совет на РСМ.* |
| Како заложбата ќе придонесе за решавање на јавниот проблем? | *Заложбата директно влијае на пристапот до информации, отчетноста на институциите но и на учеството на јавноста во работата на судовите преку овозможување на стандарди и процедури за објавување на податоци и воспоставување алатки за поднесување на поплаки и претставки од страна на граѓаните на РСМ.* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Зошто оваа заложба е релевантна за вредностите на ОВП? | | | *Заложбата овозможува подобрување на правната рамка и механизмите за одговорност со што самата заложба е важна за јавната отчетност во судството.* | | |
| Дополнителни информации | | | *Врска со Цел 16 ,,Мир, правда и силни институции“ Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.*<br>*Оваа заложба ќе придонесе за зголемување на отвореноста на Судскиот совет на РСМ преку подобрување на квалитетот и достапноста на податоците и информациите за неговото работење.* | | |
| **Бр.** | **Достигнување**<br>**(наведете активности кои ќе придонесат за остварување на заложбата)** | **индикатори**<br>(внесете мерливи индикатори/ одредници за следење и проверка на реализација на достигнувањата) | **Носител на активност**<br>**(владина институција, ГО или друго)** | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
| | 1.3.1 Дефинирање на каталогот на податоци согласно претходната пракса, историјат на барањата за пристап до информации од јавен карактер и одржаните консултации | | Судски совет на РСМ | 09.2021 | 02.2022 |
| | 1.3.2 Подготвување на стандардни оперативни процедури и дефинирање на процесни мапи за објавување на податоците на веб-страницата на Судскиот совет | Намален број на пристигнати барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до Судскиот совет на РСМ | Судски совет на РСМ | 09.2021 | 02.2022 |
| | 1.3.3 Подготовка на водич и воспоставување на алатка за покренување жалби и претставки од граѓаните преку веб-страницата на Судскиот совет на РСМ | Зголемен број на поднесени претставки од граѓаните на РСМ преку веб страната на Судскиот совет на РСМ и намален број | Судски совет на РСМ | 01.2022 | 12.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на отфрлени претставки поднесени од страна на граѓаните | | | |
| | 1.3.4 Имплементација на идентификувани потребни софтверски подобрувања на веб-страницата на Судски совет на РСМ | | Судски совет на РСМ | 01.2022 | 12.2022 |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Нова заложба* |
| Водечка институција за спроведување | | *Судски совет на РСМ* |
| Име на одговорно лице во агенцијата за спроведување | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Функција, Одделение | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Email | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Телефон | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Други вклучени субјекти | Владини министерства, одделение/агенција | *Сите судови во РСМ* |
| | Граѓански организации, приватен сектор, мултилатерални и работни групи | *Здружение на судии, Центар за правни истражувања и анализи* |
| ***Перформанси*** | | |

| ***Зајакнување на надзорната улога на Судскиот совет врз транспарентноста на судовите***<br><br>(1 септември 2021 – 1 јули 2022) | |
|---|---|
| Кој јавен проблем се адресира со заложбата? | *Во Законот за Судскиот совет член 92, ст. 1, точка 5 е новина во македонската правна рамка, согласно кој, Судскиот совет цени дали претседателите на судовите доследно се грижат за односите со јавноста. Судскиот совет тоа треба да го врши преку увид во веб-страницата на судовите, односно преку проверка на соопштенијата, одлуките, анализите и извештаите кои се објавени. Судскиот совет, исто така, треба да оценува дали претседателот на судот се грижи за соодветно постапување по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер.*<br>*На крај од 2019 година, Судскиот совет донесе и усвои нов Деловник за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија, меѓутоа сѐ уште не е започнато со вршење на надзор над веб-страниците на судовите. За Судскиот совет да ги мониторира веб-страниците на судовите, односно да ја оценува работата на претседателите, треба да се воспостават конкретни процесни правила за таа намена (кој вработен или која организациска единица во рамки на Судскиот совет на РСМ ќе го врши увидот во веб-страниците на судовите, како тоа лице / таа организациска единица ќе го известува Судскиот совет за наодите, како членовите на Судскиот совет ќе оценувааат дали претседателот на конкретниот суд постапил согласно законот или не и слично).* |
| Главна цел на заложбата | • *Зајакнување на активната улога на Судскиот совет во следење на обезбедување на транспарентост од страна на претседателите на судовите во односите со јавноста,*<br>• *Подготвување на нови акти за внатрешна организација и* |

| | |
|---|---|
| | *систематизација на работни места согласно новиот Деловник за работа на Судскиот совет на РСМ* |
| Како заложбата ќе придонесе за решавање на јавниот проблем? | *Заложбата предвидува активности што се целосно во насока на зголемување на транспарентноста на судовите преку воведување на систем на мониторинг на работата на претседателите на судовите во РСМ преку веб страните на судовите.* |
| Зошто оваа заложба е релевантна за вредностите на ОВП? | Заложбата овозможува пристап до поголем обем информации и ја подобрува пристапноста до информации до јавноста, со што заложбата се смета за транспарентана. |
| Дополнителни информации | *Во врска со целта 16 „Мир, правда и силни институции“ Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.*<br><br>*Оваа заложба е важна за подобрување на јавната одговорност на Судскиот совет на Република Северна Македонија преку подобрување на правилата и механизмите со кои ќе се обезбеди одговорност на членови на Судскиот совет и вработените во спроведување на активна улога во обезбедување на транспарентност на судовите.* |

| **Бр.** | **Достигнување**<br><br>**(наведете активности кои ќе придонесат за остварување на заложбата)** | **индикатори**<br><br>(внесете мерливи индикатори/ одредници за следење и проверка на реализација на достигнувањата) | **Носител на активност**<br><br>**(владина институција, ГО или друго)** | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.1.1 Развивање на методологија за оценување на претседателите на судовите за односи со јавноста и транспарентност во работењето | Усвоена Методологија и останати прописи (Правилник, Процедури) за оценување на претседателите на | Судски совет на РСМ | 09.2021 | 03.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | судовите од страна на ССРСМ | | | |
| | 2.1.2 Квалитативно дефинирање на бодување на критериумот односи со јавноста и транспарентност во работењето | Усвоена Методологија и останати прописи (Правилник, Процедури) за оценување на веб страните на судовите од страна на ССРСМ | Судски совет на РСМ | 09.2021 | 03.2022 |
| | 2.1.3 Подготвување на стандардни оперативни процедури и дефинирање на процесни мапи за вршење на мониторирање на веб-страниците на судовите, односно за оценување на работата на претседателите во делот за односи со јавноста и транспарентност во работењето | Усвоена Методологија и останати прописи (Правилник, Процедури) за оценување на веб страните на судовите од страна на ССРСМ | Судски совет на РСМ | 09.2021 | 06.2022 |

| | |
|---|---|
| | *Нова заложба* |
| Водечка институција за спроведување | *Судски совет на РСМ* |
| Име на одговорно лице во агенцијата за спроведување | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Функција, Одделение | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Email | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Телефон | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Други вклучени субјекти | *Сите судови во РСМ* |

| | | |
|---|---|---|
| | Владини министерства, одделение/агенција | |
| | Граѓански организации, приватен сектор, мултилатерални и работни групи | *Здружение на судии, Центар за правни истражувања и анализи* |

| | |
|---|---|
| ***Перформанси*** | |
| ***Подобрување/унифицирање на структура на извештаите на судовите и квалитетот на податоците***<br>(1 септември 2021 – 31 декември 2022) | |
| Кој јавен проблем се адресира со заложбата? | *Во Стратегија за реформа на правосудниот сектор (2017-2022) се констатира дека формата на годишните извештаи на работа на судовите, Судскиот совет и на Врховниот суд се нееднакви, што создава проблеми во однос на јасноста, разбирливоста на извештаите, особено во делот на статистичките податоци поради несинхронизираност на податоците. Иако рокот за надминување на оваа состојба согласно акцискиот план за спроведување на Стратегијата беше јануари 2018 г. истите наоди може да се најдат и во независните анализи направени во 2020 г.* |

| | |
|---|---|
| Главна цел на заложбата | • *Извештаите на судовите се унифицирани и даваат целосна квалитативна и квантитативна информација за работењето на судовите*<br>• *Потребно е да се подготви и донесе Методологија за воедначени обрасци за годишни извештаи, за потоа да се подготви соодветен образец на извештаи за судовите кој што ќе биде следен со детално упатство за нивното пополнување.* |
| Како заложбата ќе придонесе за решавање на јавниот проблем? | *Воведувањето на методологија на униформирани образци за воедначено пласирање на информации и податоци во јавноста пред се ќе доведе до конечна синхронизација на податоците со кои располагаат правосудните институции. Досегашната пракса на прибирање и систематизација на различни статистички податоци за судовите во РСМ ќе се замени со воедначен пристап и образец за собирање и објавување на овие податоци.* |
| Зошто оваа заложба е релевантна за вредностите на ОВП? | *Заложбата овозможува униформираност на податоците на судовите кои се достапни за јавноста, со што заложбата е важна за подобрување на транспарентноста и отвореноста.* |
| Дополнителни информации | *Во врска со целта 16 „Мир, правда и силни институции“ Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.*<br>*Оваа заложба е важна за подобрување на јавната одговорност на судовите на Република Северна Македонија преку подобрување и унифицирање на структура на извештаите на судовите и квалитетот на податоците, со што на јавноста ќе и се овозможи целосна квалитативна и квантитативна информација за работењето на судовите.* |

| **Бр.** | **Достигнување** | **индикатори** | **Носител на активност** | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **(наведете активности кои ќе придонесат за остварување на заложбата)** | (внесете мерливи индикатори/ одредници за следење и проверка на реализација на достигнувањата) | **(владина институција, ГО или друго)** | | |
| | 2.2.1 Подготовка и усвојување на Методологии за воедначени обрасци за годишни извештаи | Усвоена Методологија и останати прописи (правилник, упатство, урнек) за воедначени обрасци за годишните извештаи на судовите во РСМ | Врховен суд на РСМ | 01.2022 | 06.2022 |
| | 2.2.2 Подготовка на урнек на извештаи за судовите | Усвоена Методологија и останати прописи (правилник, упатство, урнек) за воедначени обрасци за годишните извештаи на судовите во РСМ | Врховен суд на РСМ | 01.2022 | 06.2022 |
| | 2.2.3 Упатство за пополнување на извештаи за судовите | Усвоена Методологија и останати прописи (правилник, упатство, урнек) за воедначени обрасци за годишните извештаи на судовите во РСМ | Врховен суд на РСМ | 09.2022 | 12.2022 |

| | |
|---|---|
| | *Нова заложба* |
| Водечка институција за спроведување | *Врховен суд на РСМ* |

<table>
<tr><td colspan="2">Име на одговорно лице во агенцијата за спроведување</td><td>Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција, Одделение</td><td>Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза</td></tr>
<tr><td colspan="2">Email</td><td>Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза</td></tr>
<tr><td colspan="2">Телефон</td><td>Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Други вклучени субјекти</td><td>Владини министерства, одделение/агенција</td><td>Судски совет на РСМ, сите судови во РСМ</td></tr>
<tr><td>Граѓански организации, приватен сектор, мултилатерални и работни групи</td><td>Здружение на судии, Центар за правни истражувања и анализи</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Перформанси</td></tr>
<tr><td colspan="2">Подобрување на електронскиот систем за основна и континуирана обука на судиите<br>(1 септември 2021 – 30 јуни 2022)</td></tr>
<tr><td>Кој јавен проблем се адресира со заложбата?</td><td>Новата веб-страница на Академијата за судии и јавни обвинители е пуштена во употреба во септември 2019 година, меѓутоа се уште има простор и потреба од овозможување за модернизирање на работата на АСЈО преку овозможување на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | *модерна платформа е-учење како за кандидати за судии и јавни обвинители така и за постојните судии и јавни обвинители, преку овозможување на вебинари и учење преку софистицирано пребарување низ документи достапни на модерна е-библиотека и е-архива.* |
| Главна цел на заложбата | • *Овозможување на полесен пристап до содржините за почетно и континуирано учење на судиите*<br>• *Преку онлајн платформа за одржување на основни и континуирани обуки за судии (e-learning), модерна е-библиотека и е-архива ќе се овозможи полесен пристап до материјали за стручно усовршување на судиите*<br>• *Со систематизирање и редовно објавување на заклучоците на Апелационите судови и начелните ставови и мислења на Врховниот суд за воедначување на судската пракса ќе се придонесе кон зголемување на квалитетна и еднаква правда за сите.* |
| Како заложбата ќе придонесе за решавање на јавниот проблем? | *Преку заложбата за модернизирање на системот за основна и континуирана обука на судии и јавни обвинители, ќе се овозможи целосна достапност на основната и континуираната обука за слушателите, во услови кога учењето на далечина е единствената можност за доусовршување на капацитетите на судиите и обвинителите.* |
| Зошто оваа заложба е релевантна за вредностите на ОВП? | *Заложбата предвидува јавно објавување и достапност на програмите и материјалите кои се користат за почетна и континуирана обука на судиите и јавните обвинители, вклучувајќи ги и заклучоците од средбите на четирите апелациони судови и Врховниот суд на РСМ што укажува за заложба за подобрување на транспарентноста на работата на АСЈО и судовите во РСМ и зголемување на квалитеот на судската правда.* |

| | |
|---|---|
| Дополнителни информации | *Во врска со целта 16 „Мир, правда и силни институции“ Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа*<br>*Оваа заложба е важна за подобрување на квалитетот на судските одлуки во Република Северна Македонија преку подобрување на електронскиот систем за основна и континуирана обука на судиите на Академијата за судии и јавни обвинители до којашто имаат пристап сите судии во РСМ.* |

| **Бр.** | **Достигнување**<br><br>**(наведете активности кои ќе придонесат за остварување на заложбата)** | **индикатори**<br><br>(внесете мерливи индикатори/ одредници за следење и проверка на реализација на достигнувањата) | **Носител на активност**<br><br>**(владина институција, ГО или друго)** | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1.1 Развивање на онлајн платформа за одржување на основни и континуирани обуки за судии (e-learning) и подготовка на електронски едукативни материјали и пристап до онлајн бази. | Број на одржани обуки преку Платформата за е-учење на АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители | 09.2021 | 03.2022 |
| | 2.3.2 Систематизирање и редовно објавување на заклучоците на Апелационите судови и начелните ставови и мислења на Врховниот суд за воедначување на судската пракса на веб страната на АСЈО | Број на објавени заклучоци, правни мислења и ставови на веб страната на АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители | 10.2021 | 06.2023 |
| | 2.3.3 Јакнење на капацитетите на судиите за користење на e-learning платформата за континуирано учење | Број на судии и јавни обвинители кои посетувале обука преку платформата за е-учење на АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители | 01.2022 | 12.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.3.4 Објавување на статистички извештаи за активности на судиите во e-learning платформата за континуирано учење | Број на објавени извештаи | Академија за судии и јавни обвинители | 01.2023 | 06.2023 |
| | 2.3.5 Воспоставување модерна е-библиотека и е-архива. | Број на е-книги достапни во е-библиотеката на АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители | 09.2021 | 06.2023 |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Нова заложба* |
| Водечка институција за спроведување | | *Академија за судии и јавни обвинители* |
| Име на одговорно лице во агенцијата за спроведување | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Функција, Одделение | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Email | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Телефон | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Други вклучени субјекти | Владини министерства, одделение/агенција | *Судски совет на РСМ, сите судови во РСМ* |
| | Граѓански организации, приватен сектор, мултилатерални и работни групи | *Здружение на судии, Центар за правни истражувања и анализи* |